# „ПРАВЕН, ФИНАНСИСКИ И ФИЗИЧКИ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

## Физичка пристапност до судовите во Р. Северна Македонија

***„Различни категории на лица со попреченост се соочуваат со различни ограничувања на своите права и пристапот до судските објекти или услуги, поради што е неопходно при своето организирање, планирање и работење судовите да ги имаат предвид различните заложби кои треба да ги направат со цел да овозможат ефективна примена на правото на фер судење, како и на пристапноста до правда од страна на сите граѓани.“***

*Овој бриф е подготвен од страна на Коалицијата Сите за правично судење со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој бриф им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски држави.*

јуни, 2019
Скопје

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

## „Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Република Северна Македонија“

Во рамките на проектот „**Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Република Северна Македонија**“ кој е овозможен со поддршка од американскиот народ во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, во декември 2018 година Коалицијата објави истражување во поглед на физичката пристапност на 10 основни судови и нивните услуги.

**Првичните резултати покажаа дека сите категории на лица со попреченост се соочуваат со потешкотии во поглед на пристапноста до суд и до судските услуги, со што ефективно им е ограничено правото на фер и правично судење под еднакви услови за сите согласно со важечките закони и меѓународните прописи.** Обработените податоци беа добиени од страна на 16 набљудувачи на Коалицијата Сите за правично судење, кои активно спроведуваат мониторинг на граѓански (парнични) судски постапки од аспект на правниот, финансискиот и физичкиот пристап до правда во 10 основни судови во Р.Северна Македонија, како и преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Согласно тоа, Коалицијата постојано ја следи состојбата со физичката пристапност до судовите и судските услуги, за што изработува периодични брифови во однос на истото прашање.

**За потребите на овој бриф се користени податоци заклучно со март месец 2019 година.**

Во поглед на пристапноста на судската зграда однадвор, битно е да се напомене дека дел од реформите кои треба да се спроведат во четвртиот квартал на 2019[1] година се токму реконструкциите на судските објекти со цел да се овозможи пристапност до истите за сите категории на лица. Констатираме дека сите 10 судови кои се предмет на ова набљудување се пристапни од надвор за лица со попречености, поточно три суда се пристапни и без рампа, додека останатите седум судови имаат функционални пристапни рампи.

Иако објектите на судовите се пристапни од надвор, сепак речиси половината од судовите предмет на ова истражување немаат соодветен пристап до своите простории, односно немаат услови за самостојно движење низ објектот, како и пристап до судските услуги за лица со попречености. **Во тој контекст, ситуацијата останува непроменета од претходниот извештај, односно два (2) од судовите, (ОС Скопје 2 и ОС Струга) немаат судници на приземјето, додека во два (2) од судовите, (ОС Гостивар и ОС Охрид) на приземјето има само една судница.**

[1] согласно акцискиот план за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост за 2019




Мало уназадување во поглед на пристапноста се бележи во однос на прилагоденоста на објектите за самостојно и непречено движење низ катовите, па така во пет (5) од судовите нема лифт (ОС Велес, ОС Тетово, ОС Прилеп, ОС Штип и ОС Струмица), додека во четири (3) судови лифтовите не се во функција (ОС Скопје, ОС Гостивар, и ОС Струга) додека пак судот во ОС Охрид иако е функционален нема услови да се користи од лица кои се движат со помош на инвалидска количка. **Потенцираме дека лифтовите во ОС Скопје 2 и ОС Гостивар не се во функција од започнување на мониторингот, додека лифтот во ОС Струга беше во функција сѐ до јануари 2019, од кој датум истиот повеќе не работи**. Иако најголемиот број од судовите кои немаат лифтови имаат судници кои се наоѓаат на приземјето, со жалење констатираме непристапност на ОС Скопје 2 (кој воедно е и најголем суд по обем на работа) и ОС Струга, кои немаат судници на приземјето, ниту пак имаат функционални лифтови, со што овие објекти се практично непристапни за лица со попречености. Ограничена пристапност бележиме и кај ОС Гостивар и ОС Охрид, кои немаат целосно функционални лифтови, а имаат само една судница на приземјето која се користи за ограничена намена.



ПРАВЕН, ФИНАНСИСКИ И ФИЗИЧКИ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| Основен Суд | Дали на приземјето од објектот во кој е сместен судот, има судници во кои се одвиваат судења? | Дали во објектот каде се наоѓа судот има лифт за погорните спратови, кој би можел да биде користен од лица со посебни потреби? | Физички пристап за лица со попречености. |
|---|---|---|---|
| Скопје | НЕ | ДА, но не е функционален | ✘ |
| Велес | ДА | НЕ | ✔ |
| Гостивар | ДА | ДА, но не е функционален | ✔ |
| Тетово | ДА | НЕ | ✔ |
| Битола | ДА | ДА | ✔✔ |
| Прилеп | ДА | НЕ | ✔ |
| Штип | ДА | НЕ | ✔ |
| Струмица | ДА | НЕ | ✔ |
| Струга* | НЕ | ДА, но не е функционален | ✘ |
| Охрид | ДА | ДА, но не е функционален | ✔ |

* Од добиените податоци лифтот во ОС Струга повремено не е во функција со што се отежнува пристапноста до судниците за лицата со попречености

Оваа активност на Коалиција Сите за правично судење е поддржана од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), како дел од Проектот за граѓанско учество. Содржината е одговорност на тимот на Коалиција Сите за правично судење и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.

**Како позитивен пример во овој контекст можеме да го издвоиме ОС Битола, како единствен од набљудуваните судови каде постои пристапна рампа, има судници на приземјето, а исто така има и функционален лифт, со што воедно е најпристапниот суд за лица со потешкотии при движењето од сите судови кои се предмет на ова истражување.**

Во однос на самостојното движење низ самиот објект, сите судови имаат ознаки за полесно движење на странките, па така судниците се соодветно нумерирани, а постојат и патокази, односно распоред на судниците. Сепак, судовите сѐ уште не овозможуваат еднакви услови за сите категории на граѓани, па така, во набљудуваните судови не постојат тактилни ленти, Браилово писмо, ниту прилагоден фонт на текстот за лица со оштетен вид или потешкотии во читањето.

**Само ОС Скопје 2, ОС Прилеп и ОС Струга имаат вработено лица кои би можеле да помогнат на лица со попреченост**.

Лицето задолжено за помош на лица со попреченост е задолжително за сите категории на лица со попреченост. Недостатокот од овие лица ја става под знак прашалник практичната функционалност на помошта пружена од овие службени лица. Во овој сегмент нема промени.




**Ниту еден од судовите не е во можност да обезбеди препис на документи на Браилово писмо, вклучувајќи ги тука и пресудите, што неминовно ги доведува лицата со оштетен вид во далеку понеповолна положба од останатите групи кои се јавуваат пред судот.**

Од друга страна пак, само ОС Скопје 2 има на располагање толкувачи од и на знаковен јазик, а останатите судови мораат да бидат информирани однапред доколку постои потреба од толкувач со цел да направат обиди истиот да го обезбедат, додека пак доминантен и воедно законски предвиден приоритетен начин за комуникација со глувонемите лица кои се јавуваат во својство на странки или сведоци е комуникацијата по писмен пат.

**Оттука, неминовно произлегува заклучокот дека иако се прават обиди за да се обезбеди пристапност и достапност до правда за сите категории на граѓани, овие обиди во главно се однесуваат на најосновните потреби, поточно на самиот пристап до судската зграда, додека пак условите за непречено движење низ објектите само делумно одговараат на поставените стандарди. Од друга страна, судските услуги остануваат да бидат тешко достапни, а обидите за да се овозможи нивна достапност до сите граѓани сè уште се недоволни и несоодветни.**